# ПОЗДРАВНА ТЕЛЕГРАМА

Драги наш другар Тито,

Учесниците на Првиот научен собир „Антиката и античкото наследство кај нас“, што во организација на Сојузот на друштвата за антички студии на СФРЈ се одржува во древниот прекрасен Охрид, Ти ги упатуваат своите топли поздрави и најубави желби за крепко здравје и долг живот за доброто и среќата на сите наши народи.

Среќни сме што нашиот прв научен собир се одржува во годината во која не само југословенските народи, туку и сиот миролубив свет ја слави 85. годишнината од Твоето раѓање и 40. годишнината на Твојата самопрегорна, плодна творечка дејност на чело на нашата Партија.

Нашите срца се исполнети со гордост и благодарност, што Ти го посвети целиот свој живот на изградбата на општество, во кое секому од нас му е дадена можност за слободно творечко определување.

И онака, како што Ти не жалиш ни труд ни напор за афирмација на политиката на нашата самоуправна заедница во светот, следејќи го Твојот светол пример и пат, и ние ќе ги вложиме сите наши способности, сили и знаења за потврда на југословенската научна мисла во чест и слава на нашата слободна татковина.

Еднодушна е нашата желба уште долго, долго да ни живееш, да нѐ водиш, поттикнуваш и бодриш кон големи, благородни цели.

Од учесниците на I научен собир
„Антиката и античкото наследство кај нас“
Охрид, 26. IX. 1977.